З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор

Адвинарски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 20___ год.
Потпис,

Ип 1 бр. 57-11
Датум: 19.02.2021 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	**Друштво за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје**	
Седиште/адреса на субјектот		
Адреса за е-пошта		
Телефон		
Матичен број на субјектот		
Даночен број на субјектот		
Број на жиро сметка на субјектот		
Банка депонент	НЛБ Тутунска Банка АД Скопје	
Одговорно лице на субјектот:		
Име и презиме	Телефон	Е-пошта
управител		

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	17.02.2021 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	10.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	19.02.2021 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15.00
Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Друштво за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје		
Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Издавање на книги (шифра: 58.11)		
Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши		(Центар)	

надзорот	

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

1. **Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за м. февруари 2021 година бр. 57-13/2 од 3.2.2021 г.**

2. Налог, издаден од раководителот на инспекциската служба бр. ___од ___2021 г.;

3. Налогот, издаден од претседателот на Инспекцискиот совет бр. ___од ___2021 г.;

4.Записник/решение за извршен инспекциски надзор бр. ___од ___2021 г.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

, помошник - инспектор за култура, при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура.

5) Предмет на инспекцискиот надзор

Предмет: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на одредбите од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15), како и подзаконските акти (правилници објавени во „Сл. весник на РМ" бр. 83/15), донесени врз основа на овој Закон.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

-Се употребени листи за проверка, листата за проверка е дадена во прилог и е составен дел на овој записник согласно со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19),

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
уредник		

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор во Друштвото за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје, освен уредникот не беа присутни други лица:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
/	/	/

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- Во врска со обврската од член 4 став (1) и (2) од Законот за издавачката дејност, според која издавачот мора да има уредник, кој е одговорен за целокупната издавачка дејност, односно врши избор на публикации за објавување, прибавува и дава стручно мислење за публикациите и е одговорен за квалитетот на изданијата, на увид е презентиран Договор за уреднички услуги од 31.01.2020 година, за назначување на за главен уредник на изданијата, во периодот од 01.01.2020 до 21.12.2020 г., во Друштвото за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје.

- При надзорот на увид се презентирани вкупно 7 (седум) публикации издадени од страна на Друштвото за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје, во 2020 година и тоа:

1 „Временска Машина“ од автор Х.Ц.Велс;
2 „Мисли за животот и уметноста“ од автор Леонардо да Винчи;
3 „Пред некое време“ од автор Тихомир Јанчовски;
4 „Приказни за двете липи од Дебар Мало“ од автор Јасмина Кантарџиева;
5 „Суперживотни и супермоќи за мали и големи деца“ од автор Маја Поповиќ;
6 „Приказната за д-р Дулитл“ од автор Хју Лофтинг и
7 „Пурпурно море“ (љубовни бајки).

- Во однос на обврската од член 6 став (3) од Законот за издавачката дејност и Правилникот за .формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот, според .која што издавачот во јануари тековната година за претходната година до Национална установа – НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје, доставува годишен извештај за сопствената издавачка продукција, утврдено е дека Друштвото за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје, на 16.02.2021 година, со мало задоцнување има доставено годишен извештај за сопствената издавачка продукција за 2020 година.

- Според со член 5 став (1) од Законот за издавачката дејност, кој што се однесува на обврската на издавачот пред објавување на публикацијата да склучи договор со авторот на публикацијата и со другите лица што учествуваат во изработката на изданието (автор, имател на авторско право, уредник, приредувач, преведувач, редактор, рецензент, лектор, коректор, ликовен и технички уредник и друго), а со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски и на кој се применуваат прописите за авторското право и сродните права, утврдено е дека Друштвото за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје, има постапено по оваа обврска. Имено, за издавање на горенаведените публикации на увид се презентирани следните договори:

- Договор за вршење на преведувачки услуги склучен на ден 26.11.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (преведувач) за превод на делото - Временска Машина од автор Х.Ц.Велс;
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 15.12.2019 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (лектор) за лектура на преводот на делото - Временска Машина од автор Х.Ц.Велс;
- Договор за уреднички услуги склучен на ден 20.11.2019 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и уредник) како овластен уредник ќе врши ревизија и е одговорен за квалитетот на делото - Временска Машина од автор Х.Ц.Велс;
- Договор за подготовка дизајн на корица на публикацијата склучен на ден 21.11.2019 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и дизајнер) за дизајн и подготовка за печат на преводот на делото - Временска Машина од автор Х.Ц.Велс;
- Договор за вршење на преведувачки услуги склучен на ден 26.11.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (преведувач) за превод на делото - Мисли за животот и уметноста од автор Леонардо да Винчи;
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 15.12.2019 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (лектор) за лектура на преводот на делото - Мисли за животот и уметноста од автор Леонардо да Винчи;
- Издавачки договор за авторско дело склучен на ден 30.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и автор) за пренесување на правото за издавање на делото „Пред некое време".
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 01.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (лектор) за лектура на преводот на делото „Пред некое време" од автор

Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Договор за подготовка дизајн на корица на публикацијата склучен на ден 01.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (дизајнер) за дизајн и подготовка за печат на преводот на делото „Пред некое време" од автор Тихомир Јанчовски;
- Издавачки договор за авторско дело склучен на ден 30.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (автор) за пренесување на правото за издавање на делото „Приказна за двете липи од Дебар Маало".
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 01.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (лектор) за лектура на преводот на делото „Приказна за двете липи од Дебар Маало" од автор
- Договор за уреднички услуги склучен на ден 02.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (уредник) како овластен уредник ќе врши ревизија и е одговорен за квалитетот на делото „Приказна за двете липи од Дебар Маало" од автор Јасмина Кантарџиева;
- Договор за подготовка дизајн на корица на публикацијата склучен на ден 01.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (дизајнер) за дизајн и подготовка за печат на преводот на делото „Приказна за двете липи од Дебар Маало" од автор Јасмина Кантарџиева;
- Издавачки договор за авторско дело склучен на ден 30.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (автор) за пренесување на правото за издавање на делото „Супер животни и супер моќи за мали и големи деца".
- Договор за уреднички услуги склучен на ден 02.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и уредник) како овластен уредник ќе врши ревизија и е одговорен за квалитетот на делото „Супер животни и супер моќи за мали и големи деца" од автор Маја Поповиќ;
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 01.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и лектор) за лектура на преводот на делото „Супер животни и супер моќи за мали и големи деца" од автор Маја Поповиќ;
- Договор за подготовка дизајн на корица и илустрации на публикацијата склучен на ден 01.03.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и дизајнер) за дизајн и подготовка за печат на преводот на делото „Супер животни и супер моќи за мали и големи деца" од автор Маја Поповиќ;

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Договор за вршење на преведувачки услуги склучен на ден 15.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (преведувач) за превод на делото Приказна за доктор Дулитл од автор Хју Лофтинг;
- Договор за подготовка дизајн на корица на публикацијата склучен на ден 21.11.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (дизајнер) за дизајн и подготовка за печат на преводот на делото „Приказна за доктор Дулитл" од автор Хју Лофтинг;
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 15.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (лектор) за лектура на преводот на делото „Приказна за доктор Дулитл" од автор Хју Лофтинг;
- Договор за уреднички услуги склучен на ден 02.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и уредник) како овластен уредник ќе врши ревизија и е одговорен за квалитетот на делото „Приказна за доктор Дулитл" од автор Хју Лофтинг;
- Договор за лекторски услуги склучен на ден 15.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и лектор) за лектура на преводот на делото „Пурпурно море"–Љубовни бајки од целиот свет;
- Договор за уреднички услуги склучен на ден 02.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (уредник) како овластен уредник ќе врши ревизија и е одговорен за квалитетот на делото „Пурпурно море" –Љубовни бајки од целиот свет;
- Договор за вршење на преведувачки услуги склучен на ден 15.04.2020 година помеѓу Издавачка куќа Херои (нарачател) и (преведувач) за превод на делото „Пурпурно море" –Љубовни бајки од целиот свет;

- Во однос на обврската од член 6 став (2) од Законот за издавачката дејност, според којашто издавачот е должен да ја издаде публикацијата во тираж кој што би требало да биде наведен како задолжителен податок на публикацијата, од увидот во горенаведените публикации, утврдено е дека во 4 (четири) изданија се наведени податоци за отпечатениот тираж (500 примероци), додека за 3 (три) публикации не е наведен тиражот и тоа за: „Временска машина"; „Приказната за др. Дултл" и „Пурпурно море".

- Горенаведените публикации на Друштвото за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје (издавач) во целост ги содржат податоците, предвидени со членот 7 од Законот за издавачката дејност, а според којшто секоја публикација треба да ги содржи следните задолжителни податоци: податоци за издавачот

(назив и седиште), наслов на публикацијата и име и презиме на авторот/носителот на авторското право, име и презиме на уредникот, како и преведувачот, приредувачот, илустраторот, лекторот и други лица, назив и седиште на печатницата, место на издавање, година на изданието, број на периодичната публикација, при повторно издание, податоци за издавачот, место и година на објавување на првото издание (доколку таквите податоци се достапни), ознака С (copyright) со името на носителот на авторското право и годината на првото објавување, тираж на публикацијата, CIP – запис или идентификациски број на CIP – записот (за оние публикации што подлежат на CIP – запис) и меѓународни стандардни броеви за публикацијата (ISBN, ISSN, ISMN, ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET).

- Во однос на обврската од член 12 став (4), (5) и (7) од Законот за издавачката дејност, според кој што издавачот е должен да достави 5 (пет) задолжителни примероци за сопствената издавачка продукција за 2020 година до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје, издавачот - Друштво за издаваштво ИЗДАВАЧКА КУЌА ХЕРОИ ДОО Скопје, има постапено по однос на обврската, за што на увид како доказ се презентирани:

-Потврда бр.11-6/531 од 12.11.2020 година од НУ - НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје, за доставени 50+5 задолжителни примероци за сопствената издавачка продукција финансирана/откупена од Министерството за култура и тоа за публикациите: „Приказна за двете липи од Дебар мало" од автор Ј. Кантарџиева; „Пред некое време" од автор Т. Јанчовски; „Супер животни и супер моќи" од автор Маја Поповиќ; „Мисли за животот и уметноста" од автор Леонардо Да Винчо и „Временска машина" од автор Х.Ц.Велс, со наведен тираж од 500 примероци.
-Испратница за доставени 5 (пет) задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје за публикацијата „Приказни за доктор Дулитл".
-Испратница за доставени 5 (пет) задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје за публикацијата „Пурпурно море"- љубовни бајки од целиот свет.

Оттука, врз основа од непосредниот увид во горенаведената евиденција и документација:
- утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следнивте мерки:

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во однос на утврденото нецелосно постапување по обврските од член 6 став (3) од Законот за издавачката дејност и Правилникот за формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот, според .која што издавачот во јануари тековната година за претходната година до НУ– НУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје, доставува годишен извештај за сопствената издавачка продукција, како и член 6 став (2) од Законот за издавачката дејност, според којашто издавачот е должен да ја издаде публикацијата во тираж кој што би требало да биде наведен како задолжителен податок на публикацијата, имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски наздор, од страна на помошник - инспекторот СЕ УКАЖУВА на одговорното лице во иднина доследно да ги почитува горенаведените одредби од Законот за издавачката дејност и подзаконскиит акт. Согласно со горенаведеното, од страна на помошник - инспекторот за култура нема да се изрече инспекциска мерка согласно со овластувањата утврдени во Законот за културата и Законот за издавачката дејност, односно **ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор**.

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, овој записник е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Потпис на претставникот на субјектот на надзор:	управител	Печат и потпис на инспекторот за култура:	помошник инспектор
Датум:	.02.2021 г.	Датум:	19.02.2021 г.

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk